Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 22.12.2021 година, го усвои следното:

# П Р А В Н О   М И С Л Е Њ Е

**Сопственик на патничко моторно возило е лицето на кое возилото врз основа на писмен договор му е предадено во владение, независно што таа промена не е запишана во со закон предвидените регистри.**

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 145 став 1 од Законот за сопственост и други стварни права (понатаму ЗСДСП) правото на сопственост на подвижна ствар преоѓа на стекнувачот со предавање на ствартa во негово владение. Со овој член е регулиран начинот на стекнување на сопственоста кај подвижните ствари и тоа со реално, физичко предавање на стварта, (од рака во рака). При тоа, начело е стварта да се предава во непосредно владение со физичко предавање, а во посредно владение - со гола изјава на волја. Меѓутоа, во секој случај предавањето на владението треба да претставува дејствие како израз на двостраната изјава на волјите на дотогашниот владател дека ја предава фактичката власт во однос на стварта на стекнувачот и изјавата на волјата на стекнувачот дека стварта ја прима. Притоа сопственоста на подвижната ствар се стекнува со предавање на стварта во самостојно владение на стекнувачот, ако тоа предавање е засновано на правното дело на отуѓувачот насочено кон пренос на сопственоста на таа ствар врз стекнувачот, а отуѓувачот е сопственик на стварта кој е овластен така со неа да располага. Правното дело може да биде еднострано (тестамент) или двострано (договор).

Според тоа самото предавање на владението од едно на друго лице без постоење на правна основа за тоа дури и со волја владението да се предаде, односно да се стекне, не претставува некој посебен, одделен, реален договор кој би довел до стекнување на сопственичко владение. Предавањето на владението пак кое се заснова на правна основа со која се договора стекнувањето на право на сопственост претставува реализација на содржината на таквата правна основа т.е. на правната работа, по правило договор кој е склучен со волја да се пренесе, односно да се стекне правото на сопственост.

Ова произлегува и од членот 146 од погоре цитираниот закон (ЗСДСП), каде што во ставот 1 се вели: „Кога повеќе лица склучиле посебни правни дела заради стекнување право на сопственост на иста подвижна ствар што е индивидуално определена, тоа право го стекнува лицето на кое прво му е предадена стварта, ако се исполнети и сите други претпоставки за стекнување на сопственост. Со оваа одредба се регулира правната ситуација која настанува

кога сопственикот ја оттуѓил својата ствар на повеќе лица во различно време со посебни правни дела со кои се стекнува право на сопственост па во таа смисла е наведено дека правото на сопственост врз основа на правно дело го стекнува лицето на кое прво му е предадена стварта, без оглед на тоа дали тоа лице е првото со кое е склучен договорот или е тоа некое од наредните лица со кои е склучен договорот.

Тоа што новиот сопственик на подвижната ствар-моторното возило не ја запишал промената на сопственоста врз истото во со закон предвидените регистри е ирелевантно, бидејќи во цитираните членови 145 и 146 од ЗСДСП тоа не е наведено како услов. За разлика од ова во членот 148 став 1 од ЗСДСП децидно стои дека право на сопственост на недвижност врз основа на правно дело се стекнува со запишување во јавната книга за запишувањето на правата на недвижностите или на друг соодветен начин определен со закон. Значи во самиот Закон за сопственост и други стварни права, кој е lex.specialis по однос на регулирањето на начинот на стекнување на правото на сопственост на подвижни и недвижни ствари се прави разлика, поточно дека за движните ствари не е потребно запишување на промената на сопственоста во со закон предвидените регистри за разлика од недвижните ствари за кои се бара промената на сопственоста да биде запишана во јавната книга за запишување на правата на недвижностите. Доколку не е извршена промена на сопственоста на подвижната ствар од претходниот на новиот сопственик за тоа е предвидена посебна прекршочна постапка согласно Законот за возилата и Законот за безбедноста во сообраќајот на патиштата.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА**